0506Су.бр.204/2010-4

Врз основа на чл.88 од законот за судовите и чл.162 од Законот за јавни набавки , Претседателот на Апелациониот суд во Штип, Стојанче Рибарев на ден 28.04.2010 год. го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

За најповолна понуда по спроведениот оглас за доделување на договор за јавна набавка на реконструкција на котлара за топловодно греење за потребите на Апелациониот суд во Штип се избира понудувачот **„Макотерм“ ДООЕЛ Скопје**.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение на Претседателот на Апелациониот суд во Штип Су.бр.204/2010 од 19.02.2010 год. утврдена е потребата за набавка на реконструкција на котлара за топловодно греење за потребите на Апелациониот суд во Штип.

Апелациониот суд во Штип спроведе постапка за јавна набавка на реконструкција на котлара за топловодно греење со оглас за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка согласно чл.64 и 65 од Законот за јавни набавки.

Согласно решението Су.бр.204/2010 т.4 е определено како критериум за избор на најповолен понудувач да биде цената 80 бода, гаранција 10 бода, рок на испорака- монтажа 10 бода.

По спроведената постапка, комисијата за јавни набавки го достави до Претседателот на судот досието за постапката за јавна набавка на реконструкција на котлара за топловодно греење, со записник и извештај од спроведената постапка со предлог како најповолен понудувач да се избере понудувачот „Макотерм“ дооел од Скопје.

Претседателот на Апелациониот суд во Штип, имајќи ги во предвид списите од досието за постапката за набавка на реконструкција на котлара за топловодно греење констатира дека најповолна понуда има доставено понудувачот Макотерм со вкупно добиени 91 бод, а потоа следува понудувачот Елкотерм од Кочани со добиени 79,80 бода, Екотерм од Скопје со добиени 76,89 бод, Димче Мирчевски Бањарот производство од Битола со добиени 63,02 бода и Унисол13 од Штип со добиени 61,47 бода, Шики од Битола со добиени 57,68 бода, и Енергомонтажа од Скопје со добиени 53,14 бода.

Во записникот за отварање на понудите и табелата со податоците кои се читаат на отварањето на понудите и Извештајот од евалуацијата на понудите од 23.04.2010 година се констатира дека:

Како понудувачот во оваа постапка понуда доставил и АС-КО ДООЕЛ од Скопје. По извршената проверка на документите за утврдување на способноста комисијата за јавни набавки на Апелационен суд – Штип утврдила дека како услов за докажување на техничката и професионалната способност во тендерската документација било наведено дека понудувачот треба да има потврда

издадена од набавувач за кого е извршена претходна **вакав** набавка. Понудувачот АС-КО имал доставено потврда дека има доставувано на набавувач резервни делови и тоа ладилник за турбинско масло, ладилник за заптивно масло, ладилник за напојна пумпа, мешалка за редуктор за отпадни води и елементи за заптивање на рост.

Така комисијата утврдила дека понудувачот АС-КО нема доставено потврда дека вршел реконструкција на котлара за топловодно греење, конкретно немал доказ дека вршел монтажа на котел за течно гориво, поради што одлучил неговата понуда да не се разгледува во понатамошната постапка за евалуација на понудите.

Од понатамошниот извештај за евалуација на понудите се утврдува дека понудувачот Макотерм понудил цена со ддв.353.646 денари за што добил 80 бодови, гаранција 2 години за што добил 3 бодови, рок на испорака 5 дена за што добил 8 бодови.

Понудувачот Екотерм понудил цена со ддв.429.319 денари за што добил 65,89 бодови, гаранција 2 години за што добил 3 бодови, рок на испорака 5 дена за што добил 8 бодови.

Понудувачот Елкотерм понудил цена со ддв.473.062 денари за што добил 59,80 бодови, гаранција 6 години за што добил 10 бодови, рок на испорака 3 дена за што добил 10 бодови.

Понудувачот Димче Мирчевски Бањарот производство понудил цена со ддв.514.125 денари за што добил 55,02 бодови, гаранција 3 години за што добил 6 бодови, рок на испорака 30 дена за што добил 2 бодови.

Понудувачот Шики понудил цена со ддв.558.140 денари за што добил 50,68 бодови, гаранција 2 години за што добил 3 бодови, рок на испорака 20 дена за што добил 4 бодови.

Понудувачот Унисол 13 понудил цена со ддв.568.170 денари за што добил 59,79 бодови, гаранција 3 години за што добил 6 бодови, рок на испорака 10 дена за што добил 6 бодови.

Понудувачот Енергомонтажа понудил цена со ддв.671.349 денари за што добил 42,14 бодови, гаранција 2 години за што добил 3 бодови, рок на испорака 5 дена за што добил 8 бодови.

Претседателот на Апелациониот суд во Штип имајки ги во предвид извештајот поднесен од комисијата за јавни набавки одлучи како најповолен понудувач , носител на набавката за реконструкција на котлара за топловодно греење да биде избран понудувачот Макотерм дооел од Скопје бидејки оваа понуда е најповолна, има добиено најголем број на бодови.

Од горе изнесените причини, а врз основа на чл.162 од Законот за јавни набавки се одлучи како во изреката.

Претседател на судот,
Стојанче Рибарев с.р.

ПОУКА: Против ова решение незадоволниот понудувач има право на жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 8 дена од приемот на истото.